Македонија

# Идентификатор на Правни Ентитети (LEI)

Значителни заштеди, зголемена ефикасност и повисок степен на одговорност поради процесот на верификација на правните ентитетите

# McKinsey & Company и GLEIF:

## Идентификувани значителни заштеди, зголемена ефикасност и повисок степен на одговорност поради процесот на верификација на правните ентитетите

Бела книга (white paper): Истражување[1] на широката примена на LEI која потенцијално овозможува заштеда од најмалку 650 САД долари годишно

Автор: Стефан Волф



Стефан Волф (Stephan Wolf), Извршен Директор на Фондацијата надлежна за издавање на Глобални Идентификатори на Правни Ентитети (Global Legal Entity Identifier Foundation - GLEIF).

Од Јануари 2017, г-дин Волф е ко-претседавач на Советодавната Група на Техничкиот Комитет 68 ФинТех при Меѓународната Организација за Стандардизација [International Organization for Standardization Technical Committee 68 FinTech Technical Advisory Group (ISO TC 68 FinTech TAG)]. Во Јануари 2017, г-дин Волф е прогласен за еден од топ 100 Лидери во Идентитетот од страна на консултантската компанија One World Identity.

Тој има долгогодишно искуство во воспоставувањето на оперативни процедури за податоци и глобалната стратегија за имплементација. Тој го предводеше унапредувањето на клучните стратегии за развој на бизниси и производи во текот на неговата кариера. Г-дин Волф е ко-основач на IS Innovative Software GmbH во 1989 година и прво Оперативен Директор на компанијата. Подоцна беше именуван за портпарол на извршниот одбор на компанијата – наследничка, IS.Teledata AG. Оваа компанија потоа стана дел од Interactive Data Corporation, каде што г-дин Волф ја вршеше функцијата на Технолошки Директор.

[1] Wolf. 2017. GLEIF Blog. [Online]. [4 April 2019]. Available from: https://www.gleif.org/en/newsroom/blog/mckinsey-company-and-gleif-identify-significant-savings-efficiencies-and-greater-reliability-in-entity-verification-processes



McKinsey & Company соработува со Фондацијата надлежна за издавање на Глобални Идентификатори на Правни Ентитети (Global Legal Entity Identifier Foundation - GLEIF), за да ги испита потенцијалните случаи на употреба на Идентификаторот на Правен Ентитет (Legal Entity Identifier - LEI) во насочувањето на процесите за верификација на ентитетите. Како резултат на соработката произлезе објавувањето на заедничкиот документ, кој проценува дека поширокото глобално усвојување на LEI може да донесе годишни заштеди од над 150 милиони американски долари во рамките на инвестициското банкарство и до 500 милиони американски долари за банките при издавањето на т.н. кредитни писма (letters of credit). Годишните заштеди во инвестициското банкарство ќе вклучуваат најмалку 10 проценти од вкупните оперативни трошоци за вклучените клиенти и трговските процеси преку користење на LEI.

Глобалниот LEI систем доделува 20-цифрени алфа-нумерички LEI броеви за уникатно идентификување на правни ентитети кои учествуваат во трансакциите низ целиот свет. Секој LEI содржи информации за сопственичката структура на ентитетот и на тој начин одговара на прашањата „Кој е кој" и „Кој поседува кого" помеѓу учесниците на пазарот. GLEIF обезбедува можности за пребарување на интернет преку својот Глобален LEI Индекс, централен репозирар на отворени, стандардизирани, историски и тековни LEI референтни податоци. Секоја заинтересирана страна може да пристапи и да ја пребара целата база на податоци за LEI, користејќи ја веб-алатката за пребарување на LEI.




Постојат две широки области во кои LEI има деловна вредност за колективно да го намали времето поминато во идентификување на страните и подобрување на сигурноста на информациите:

1. Со LEI се намалува трансакциското и оперативното триење, во рамките на и самите организации, но и во соработката меѓу организациите. На пример, во рамките на една организација, употребата на LEI може да овозможи поефикасна, прецизна комуникација помеѓу деловните единици на функционалните одделенија. Во различни системи и организации, LEI може да го поедностави и да го забрза порамнувањето помеѓу различните системи или мрежи, овозможувајќи побрза проверка на идентитетот при користење на повеќе извори на податоци.

2. LEI важните информации за позадината на правниот ентитет кој учествува во трансакција ги прави попристапни и следливи. На пример, давателите на комерцијални кредити може да го користат LEI за да ја проверат сопственичката структура на ентитетот пред да дадат кредит, а банките може да ги користат за да споредат и проверат повеќе правни документи на клиентот при обработката на одредена трансакција.

Истражувањето кое е предмет на издавањето на оваа бела книга исто така, идентификува три нови случаи на употреба за LEI - пазарите на капитал,

комерцијалните трансакции и проширувањето на комерцијалните кредити. Овие случаи на употреба се особено важни за големите корпорации, малите бизниси и нивните банкарски институции и инвестициските банки.

За секој случај за користење, специфичните придобивки се наведени подолу:

- **Пазари на капитал**: Примарната вредност на LEI произлегува од намалувањето на трошоците за клиентите и активностите на средната и задната канцеларија поврзани со обработката на акции, обврзници и други хартии од вредност. Сите такви активности би можеле да бидат поедноставени и рационализирани доколку користењето на LEI е пошироко прифатено во текот на целиот животен циклус на односите со клиентот. Употребата на LEI во фазата на соработка со клиентите и тргување со клиентот, исто така, ќе го намали времето поминато на корекција на податоци и усогласување што е неопходно со неконзистентно идентификување на правни лица.

    - **Комерцијални трансакции**: LEI броевите овозможуваат побрза обработка на акредитиви и подобра идентификација на продавачите на мрежи со е-фактурирање.

    - **Проширени комерцијални кредити**: LEI броевите овозможуваат поробустно и поефикасно познавање на клиентите (терм. анг. know your customer - KYC) за активноста на должниците, како и подобра следливост на информациите за должниците од повеќе извори.

Следете ја GLEIF комуникацијата за претстојните блогови кои ќе го испитаат подетално секој од овие случаи на употреба.

Исто така, истражувачкиот проект, укажува на тоа дека постојат повеќе дополнителни можности за употреба покрај трите погоре наведени. Оперативната ефикасност, заштедата на трошоците, намалувањето на времето за трансакција со клиентите и посигурните информации можат да се добијат со воведување на LEI во речиси секој процес кој бара

идентификација и верификација на договорна страна и кој има компонента на рачно извшување. Ова ќе резултира со полесна идентификација на секоја договорна страна која ќе ја отвори вратата за понатамошна автоматизација и дигитализација на финансиските и комерцијалните трансакции низ целиот свет.

Белата книга јасно ја илустрира вредноста на LEI, но неговата широка примена и усвојување зависи од создавањето на силна мрежа на застапници. Овде, во GLEIF, активно ги охрабруваме организациите да го разгледаат усвојувањето на LEI во нивните секојдневни процеси и се надеваме дека овој документ ќе го прошири разбирањето околу потенцијалната употреба на LEI, како и да развие понатамошна дебата за нивните заштеди на трошоци и ефикасност. Потенцијалните примени на LEI се прошируваат многу подалеку од сегашното ниво на прифатеност и GLEIF е подготвена да ја истражи оваа идеја со други организации во различни сектори.

# LEI на Пазарите на Капитал[2]

Белата Книга издадена од стана на McKinsey & Company и Фондацијата надлежна за издавање на Глобален Идентификатор на Правни Ентитети (Global Legal Entity Identifier Foundation - GLEIF) насловена како „Идентификатор на Правни Ентитети: Вредност на Уникатната Идентификација на Страните (The Legal Entity Identifier: The Value of the Unique Counterparty ID)“[3] јасно ги илустрира примените на Идентфикаторот на Правни Ентитети (Legal Entity Identifier (LEI) долж целиот животен циклус на односите помеѓу страните на пазарите на капитал. Примарната вредност на LEI произлегува од намалувањето на трошоците за клиентите и активностите на средната и задната канцеларија поврзани со обработката на акции, обврзници и други хартии од вредност.

Сепак, неговата примена во внатрешните операции е исто така важна. Внатрешните оперативни тимови повеќе го применуваат LEI како примарен атрибут кој ги агрегира и ги порамнува клиентските трговски информации кои често се складираат во различни внатрешни системи и обележани под различни идентификациски броеви на еден ист клиент. Тие открија дека задачите поврзани со внатрешните комуникации и трговското порамнување се поедноставени и забрзани преку употребата на LEI.

---

[2] https://www.gleif.org/en/lei-solutions/mckinsey-company-and-gleif-creating-business-value-with-the-lei/lei-in-capital-markets

[3] Достапно на: https://www.gleif.org/content/3-lei-solutions/2-mckinsey-company-and-gleif-creating-business-value-with-the-lei/legal-entity-identifier_mckinsey_gleif_2017_final.pdf




*Графикон: McKinsey & Company and GLEIF бела книга:* „Идентификатор на Правни Ентитети: Вредност на Уникатната Идентификација на Страните"

**Од идентификација на другата договорна страна до бизнис вредност: Употребата на LEI на пазарите на капитал**

Банките почнуваат да го користат LEI како ефективен идентификатор за клиентите уште пред самиот почеток на соработката. Ова е особено точно за активностите поврзани барањата за поефикасно познавање на клиентите (терм. анг. know your customer - KYC) и управување со документацијата.

Во KYC процесите, фирмите работат на проверка на идентитетот на своите клиенти преку спроведување на робустна анализа. Недостатокот на конзистентност во рамките на овие процеси значи дека банките трошат значително време и ресурси.

За дополнително да го комплицираат ова прашање, различни оддели на банката може да користат различни идентификатори за истиот клиент, а посредниците ангажирани од страна на банката за да помогнат во

собирањето на информации поврзани со KYC, можат да користат и нивни сопствени идентификатори. Она што треба да биде едноставна задача е, всушност, комплексна, одзема многу време и бара вложување на интензивни напори.

Сето ова, може да има негативни последици за клиентот. На пример, ако клиентот треба брзо да собере пари, може да им биде наложено да продадат обврзници или акции. Но, банката може да има проблем веднаш да ги лоцира документите поради тоа што се обележани со број на сметка, наместо со идентификација на правно лице и како последица на тоа може да го блокираат фолиото на клиентот (анг. client’s account) во тргувањето.

**Усвојувањето на LEI може да донесе годшна заштеда на над 150 милиони САД долари во индустријата на инвестициското банкарство**

За споредба, ако сите играчи во процесот означиле информации за клиентот со LEI, тоа би било многу поефикасно и потранспарентно. Освен поедноставување на процесите и обезбедување подобра услуга за клиентите, LEI исто така може да го прошират капацитетот на еквивалентот на полно работно време [full time equivalent (FTE) capacity] што ќе им овозможи на банките побрзо да водат бизнис (заб. прев., спроведуваат процедури) со клиентите. Вообичаено, инвестициските банки вработуваат 1.000 до 1.500 FTE персонал кој се фокусира на вградување на LEI во сите сфери на односите со клиентите, а според McKinsey, просечниот процес трае 120 дена. Доколку LEI беше усвоена пошироко, времето на вградување клиенти би можело да се скрати материјално, така што банките можат да почнат да тргуваат со своите клиенти многу порано, а персоналот би можел да биде достапен за други функции.

Белата книга изнесува проценка дека воведувањето на LEI во пазарот на капитал и борбата со трговијата со хартии од вредност може да ги намали трошоците за годишно тргување и интеграција на клиенти за 10 отсто. Ова ќе доведе до намалување на вкупните трошоци на операциите на капиталните пазари за 3,5 отсто, што ќе изнесува над 150 милиони

американски долари во годишни заштеди само за индустријата наглобално инвестициско банкарство.

Банките кои допрва треба да го усвојат LEI во трговијата или во интеграцијата на клиенти може да добијат придобивки во однос на ефикасноста, брзината и подобрената услуга на клиентите. Придобивките за сите банки би биле значително подобрени доколку поголем број правни лица имаат LEI. Поконкретно, тие би можеле да очекуваат да соберат дополнителни приходи со скратување на „време до излез на пазарот (time to market)" за тргување со клиентите, а истовремено подобрување на искуството на клиентот.

**LEI ја отстранува комплексноста за организациите од соработката и интеграцијата на клиентите**

За повеќе информации за тоа како широката имплементација на LEI може да ја отстани комплексноста за организациите од соработката и интеграцијата на клентите и да донесе мерлива вредност на фирмите за финансиски услуги, прочитајте во изештајот на GLEIF насловен: „Нова Иднина за Идентификацијата на Правните Ентитети (A New Future for Legal Entity Identification)", на следниот линк: https://www.gleif.org/en/lei-solutions/lei-in-kyc-a-new-future-for-legal-entity-identification.

Во извештајот се прикажани резултатите од истражувањето на GLEIF за предизвиците на идентификација на ентитетите во финансиските услуги, вклучувајќи и длабинска анализа на познавањето на клиентите (KYC). Исто така, покажува како заменувањето на неповрзаните информации со глобално прифатен пристап, врз основа на широко прифаќање на LEI, ќе ја отстрани сложеноста од деловните трансакции и ќе им достави мерлива вредност на фирмите за финансиски услуги.

# LEI во Трговските Финасии[4]

Претходно споменатата бела книга издадена од стана на McKinsey & Company и GLEIF насловена како „Идентификатор на Правни Ентитети: Вредност на Уникатната Идентификација на Страните", опишува три кориснички случаи кои укажуваат на поширoката потенцијална примена на Идентигфикаторот на Правни Ентитети (LEI).

Овие случаи на употреба - кои не се наменети да бидат исцрпни - се однесуваат на пазарите на капитал, комерцијалните трансакции и проширувањето на комерцијалните кредити. Примените за употреба се особено важни за големите корпорации, малите бизниси и нивните банкарски институции и инвестициските банки.

Банките во финансирањето на трговијата би можеле да заштедат до 500 милиони американски долари на годишно ниво со користење на LEI при издавањето на акредитиви.

[4] https://www.gleif.org/en/lei-solutions/mckinsey-company-and-gleif-creating-business-value-with-the-lei/lei-in-trade-finance#




*Графикон: McKinsey & Company and GLEIF бела книга:* „Идентификатор на Правни Ентитети: Вредност на Уникатната Идентификација на Страните"

**Од идентификација на другата договорна страна до бизнис вредност: Употребата на LEI во финансирањето на трговијата**

Животниот циклус на комерцијални трансакции е комплексен. Тоа вклучува нарачување на стоки, испраќање фактури за стоката, добивање на трговско финансирање, производство на стоки, усогласување на плаќањата и испорака / примање на стоки. Листата е бесконечна. Белата книга откри дека користењето на LEI би можело да има значително влијание врз елементите на фактурирање и финансирање на трговија од овој животен циклус.

Во текот на животниот циклус на комерцијални трансакции, потребни се неколку рачни, одземаат многу време активности за да се заврши трансакцијата. Ова особено важи за меѓународните трансакции. Особено, потврдувањето на идентитетот на договорните страни честопати вклучува голема рачна обработка. Употребата на LEI би можела да ја автоматизира

верификацијата на идентитетот и да овозможи дигитализација на неколку активности кои се потребни во факторите за фактурирање и трговија за комерцијални трансакции. Тоа дури може и да го намали времето потребно за размена на плаќања.

**LEI Броевите ќе овозможат непосредна, дигитализирана идентификација на субјектите и ќе им овозможат на банките драматично да го намалат времето и средствата потрошени за проверки и испитувања при трансакциите помеѓу и со субјектите**

Трговските финансии опфаќаат широк спектар на производи и услуги кои ја олеснуваат меѓународната трговија. Во апликацијата најрелевантна за LEI броевите, купувачите добиваат акредитиви или меници од нивните банки за олеснување на плаќањата кон продавачите, а продавачите ги користат налозите - нарачки или фактурите за да добијат финансии за производство и купување. Процесот на стекнување и користење на акредитиви одземаaособено многу време и обично вклучува повеќе чекори, од кои многу од нив бараат проверки на идентитетот и порамнување. За да се намали ризикот и да се усогласат со регулативата за спречување на перење пари, и банката на купувачот и банката на продавачот мора да спроведат неколку проверки на другата договорна страна. Овие контроли во моментов се потпираат премногу на рачна обработка и хартиена документација. Покрај тоа, банките користат голем број на бази на податоци за извршување на овие проверки, но тие можат да пребаруваат само по име на ентитет, што создава значителен ризик, бидејќи повеќе правни лица може да имаат слични имиња.

Овие рачни проверки би можеле да се рационализираат значително и да бидат далеку поефтини преку усвојувањето на LEI. LEI Броевите ќе овозможат непосредна, дигитализирана идентификација на ентитетите и ќе им овозможат на банките драматично да го ограничат времето и ресурсите потрошени на проверки и истраги во заднина. Овие ефикасности ќе се зголемат со намалување на лажно позитивните идентификации на случаи на перење на пари други списоци за усогласеност. Наместо да пребаруваат по

име, институциите едноставно би можеле да ги пребаруваат релевантните бази на податоци користејќи единствен LEI на секој ентитет - или, во напредна фаза, користејќи единствена база на податоци.

Покрај олеснувањето на напорите за спречување на перење пари, употребата на LEI може да го ублажи ризикот од измама. Користејќи LEI на ентитетот, банката на продавачот може да пронајде и да идентификува сомнителна активност како што се повеќекратни фактури за истата пратка.

**Банките во финансирањето на трговијата би можеле да заштедат до 500 милиони американски долари на годишно ниво со користење на LEI при издавањето на акредитиви**

LEI ги прави многу поедноставни следните две клучни активности во комплициран процес: верификација на ентитети и следење на историјата на ентитетот. Банките потенцијално можат заедно да заштедат од 250 до 500 милиони американски долари на годишно ниво, доколку се користат LEI броевите за да се идентификуваат меѓународните правни ентитети и да се автоматизира следењето на нивната историја за издавање на акредитиви. Со максимален потенцијал, овие заштеди би можеле да претставуваат четири проценти од тековната база на трошоци за глобалните трговски операции. Минимумот од 250 милиони долари на оваа проценка претпоставува големо прифаќање во Европа и Северна Америка со ниско усвојување во Азија, додека повисоката проценката од 500 милиони долари претпоставува големо прифаќање на глобално ниво.

Како и овие ефикасности, користењето на LEI, исто така, би го олеснило подоброто управување со ризиците, дозволувајќи им на банките да задржат поцелосен поглед на субјектот кој врши трансакција.

# LEI при Комерцијалните Кредити[5]

Белата Книга издадена од стана на McKinsey & Company и Фондацијата надлежна за издавање на Глобален Идентификатор на Правни Ентитети (Global Legal Entity Identifier Foundation - GLEIF) насловена како „Идентификатор на Правни Ентитети: Вредност на Уникатната Идентификација на Страните опишува три кориснички случаи кои укажуваат на пошироката потенцијална примена на Идентигфикаторот на Правни Ентитети (LEI).

Кога се бара да им се даде кредит на комерцијалните кредитокорисници, првиот чекор за давателот е да се утврди идентитетот, историјата и сопственичката структура на ентитетот. Оваа задача често е многу потешка отколку што се очекувало. Многу корпоративни групи и мали бизниси вклучуваат бројни субјекти со слични имиња и секој може да комуницира со финансискиот систем на повеќе начини, преку повеќе институции, па дури и во повеќе земји.




[5] https://www.gleif.org/en/lei-solutions/mckinsey-company-and-gleif-creating-business-value-with-the-lei/lei-in-commercial-credit#

**Од идентификација на другата договорна страна до бизнис вредност: Користење на LEI за стандардизација на проширувањето на комерцијалните кредити**

Оваа сложена околина значи дека зајмувачите - кои често ги преоптоваруваат IT и системите за податоци - може да им биде тешко да ги идентификуваат одделните клиенти. Затоа, размената на податоци во рамките на и низ институциите за управување со ризик и изложеност станува комплицирана.

Во текот на секоја од четирите клучни фази на животниот циклус на комерцијалниот кредит (извор, ангажирање, администрација и управување со портфолио) потребни се разни проверки, кои често се многу рачни и одземаат многу време. Употребата на LEI овозможува поцврсто и поефикасно познавање на клиентот системот (KYC) на должници, како и подобра следливост на информациите. Сите тие ќе донесат значителни финансиски заштеди.

**Потекло**

Имањето точни, веродостојни информации за идентитетот на ентитетот, историјата со банката и надворешната финансиска/кредитна историја е клучна за време на фазата на започнување. Без овие информации, речиси е невозможно да се понудат соодветни производи или точно да се процени ризикот.

Човечката грешка е висока во формулари за апликација, при што многу ентитети не успеале да го внесат нивното целосно име или да внесат варијација на името кое ентитетот за претходно било користено. Оваа тенденција е особено распространета кај малите и средни бизниси, како и припадниците на поголеми групи. Употребата на LEI би помогнала да се стандардизира оваа витална информација и како таква, значително ќе го намали времето кое банките ќе го трошат за мануелни постапки за верификација.

**Ангажирање и администрација**

Способноста за лесно и прецизно следење на историјата на ентитетот е уште покорисна за време на фазата на преземање на ризикот, кога се врши финална анализа на ризик и одобрување на кредити. Дополнително, во текот на административната фаза, кога ентитетот ќе биде вклучен во системите на заемодавачот, користењето на единствен идентификатор ќе го зајакне и забрза потребното спречување на перење пари и проверки на усогласеноста.

**Управување со портфолио**

Конечно, откако ќе се издаде заемот и започне фазата на управување со портфолио, давателот мора да користи внатрешни и надворешни податоци за да го прегледа ризикот на сметката, а исто така да ги следи промените во перформансите на сметката. Ова бара значително количество помирување на податоците за да се осигура дека профилот на ризик е актуелен и точен. LEIs може да го забрзаат помирувањето на податоците и да помогнат да ја потврдат неговата точност.

Во сите четири фази на животниот циклус на комерцијалните кредити, користењето на LEI би ја олеснило автоматизацијата и дигитализацијата на процесите преку обезбедување на ново поле за податоци кое би можело да биде стандардизирано во сите системи.